**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОТПИСИ ВО ИНДЕКС, ЗА ДОСТАВУВАЊЕ, И НАЧИНОТ НА ВНЕСУВАЊЕ НА ОЦЕНКИТЕ ВО ИНДЕКС И ВО ПРИЈАВИТЕ ОД ЈУНСКАТА ИСПИТНА СЕСИЈА 2023**

## 1. Потписи од предметни професори

Во периодот од 15 до 23 мај 2023 година редовните студенти се должни да земат потписи од предметните професори само за предметите од летниот семестар од академската 2022/2023 година во термините кои ќе ги определат професорите.

Студент кој нема да добие потпис од предметниот професор не може да пристапи на испит во јунската испитна сесија.

За студентите кои што имаат презапишани предмети во летниот семестар од академската 2022/2023 година, за обврската за потпис од редовност на настава одлучува предметниот професор, а доколку редовно ја следеле наставата им следува потпис.

## 2. Доставување на пријави за испит

Во периодот од 25 мај 2023 година до 1 јуни 2023 година од 11.00 часот до 15.00 часот студентите се должни пополнетите пријави за јунската испитна сесија за сите испити кои ги пријавиле да ги достават за заверка во Одделението за студентски прашања.

Референтите во Одделението по проверка за исполнетоста на условите за полагање на предметите во јунската сесија ги заверуваат пријавите, ги распределуваат пријавите според припадноста на професорот по катедри и ги доставуваат до библиотекарите со список.

Библиотекарот е должен да ги групира пријавите по професор и по предмет и подврзани да ги остави во фахот на професорот.

## 3. Термини по декади

Оваа испитна сесија е во периодот од
**5.06.2023 – 7.07.2023**

**Прва декада**
**5.06.2023 – 20.06.2023**
Во првата декада се полагаат испити од непарните, зимски семестри

**Втора декада**
**21.06.2023 – 7.07.2023**
Во втората декада се полагаат испити од парните, летни семестри

## 4. На денот на одржување на испитот студентот треба кај себе да го има индексот.

Професорот може да прими на испит само студент за кој има добиено пријава за испит.